Центар за развој на
ТРЕТИОТ-СЕВЕРОИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 02-91/2
09.12.24 год
КУМАНОВО

Врз основа на член 28 став 3 од Законот за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РМ бр. 24/2021 од 29.01.2021 и 174/2021 од 30.07.2021), член 2 став 11 и 12 од Деловникот за работа на Советот за развој на Североисточниот плански регион бр.02-103/4 од 22.11.2022 година, Советот за развој на Североисточниот плански регион на својата 15-та Седница, одржана на ден 09.12.2024 година (понеделник) ја донесе следната:

О Д Л У К А

За усвојување на предлог Финансиски план за финансиското работење на Центарот за развој на Североисточен плански регион за 2025 година.

Член 1

Советот за развој на Североисточниот плански регион, на својата 15-та седница го разгледа предлог Финансиски план за финансиското работење на Центарот за развој на Североисточен плански регион за 2025 година.

Член 2

Се усвојува Финансиски план за финансиското работење на Центарот за развој на Североисточен плански регион за 2025 година.

Член 3

Оваа Одлука стапува на сила во наредниот ден по нејзиното донесување.

09.12.2024 година
Куманово

ПРЕТСЕДАТЕЛ,
на Советот за развој на СИПР
Тодорче Николовски

Центар за развој на ТРЕТИОТ-СЕВЕРОИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН КУМАНОВО

Центар за развој на
ТРЕТИОТ-СЕВЕРОИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 05-91/2
09.12. 2024
КУМАНОВО

ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2025 ГОДИНА

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА СЕВЕРОИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Декември, 2024

Центар за развој на Североисточен плански регион

ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2025 година

на Центарот за развој на Североисточен планскии регион

Согласно член 28 став 3 од Законот за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РМ бр. 24/2021 од 29.01.2021 и 174/2021 од 30.07.2021), член 3 став 2 и став 3 и член 16 од Деловникот за работа на Советот за развој на Североисточниот плански регион, Центарот за развој на Североисточниот плански регион подготви годишен финансиски план за 2025 година.

Финансискиот годишен план за 2025 год. е документ кој претставува основа за финансиското работење на Центарот.

Финансискиот план за 2025 год. се состои од два дела и тоа:

- Планирани приходи
- Планирани расходи

1. ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ

Планираните приходи се состојат од :

Средства на жиро сметка на Центар за развој на Североисточен плански регион на последен извод бр. 114 од 24.12.2024 за 2024 во износ од 23.053.962,00 денари

- **Конто 7411 – Трансфери од други нивоа на власта**

74112

1.1 Планирани трансфери на средства од Министерството за локална самоуправа во фиксен износ врз основа на Договорот за извршување на активности и задачи од страна на Центарот за развој на Североисточен плански регион (ЦР СИПР) за 2025. Се очекува исплата на износ од 1.200.000 денари.

741111 (2.1. до 2.7.) Планирани трансфери од Буџетите на Општините кои влегуваат во состав на Североисточниот плански регион за 2025 и заостанати обврски на Општините за 2024..

Овие трансфери се наменети за тековното работење и извршување на задачите на (ЦР СИПР), а се реализираат врз основа на Законот за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РМ бр. 24/2021 од 29.01.2021 и 174/2021 од 30.07.2021), член 31, став (5), (6), (7), (8) и (9).

(5) Општините, општините во градот Скопје и градот Скопје кои се крајни корисници на проектите од членот 37 став (2) алинеја 1 од овој закон, исплаќаат средства во висина до 15% од проектната (пресметковна) вредност на одобрен проект на Центарот за реализација и имплементација на проектот

(6) Основни критериуми за висината на средствата за проектите исплатени на општините кон Центрите од ставот (5) на овој член се: - видот и сложеноста на проектот и - висината на проектната вредност на проектот.

(7) Поблиски критериуми за висината на средствата за исплата за Центарот од ставот (6) на овој член ги пропишува министерот.

(8) Средствата од ставот (5) на овој член општините, општините во градот Скопје и градот Скопје ги префрлаат на сметка на Центарот за развој на планскиот регион, пред започнување на постапката за јавна набавка, најдоцна во рок од 30 дена од денот на потпишување на договорот за реализација на проектот од членот 55 став (1) од овој закон.

(9) Општините кои нема да ги исплатат средствата од ставот (5) на овој член, го губат правото на користење на средствата, при што центрите ќе ги наплатат договорените средства од доделените средства за реализација на проектот, а преостанатите средства ќе бидат распределени за финансирање на проекти од листата на позитивно оценетите проекти.

2.8. Трансфер на средства за менаџирање на проекти одобрени по програмите за регионален развој за 2025 година на Бирото за регионален развој/Министерството за Локална Самоуправа во висина од 1.200.000,00 денари.

2.9. Сопствено учество на општина Крива Паланка со Одлука на Совет бр.09-4346/21 од 14.11.2022 на износ од 1.636.495,00 во проектот: *Подобрување на инфраструктурата во Североисточниот регион за подобар пристап до туристичките локалитети:* Активност бр.1 Реконструкција на ул.Св.Јоаким Осоговски на потег од Осички мост до спој со магистрален пат А2, Општина Крива Паланка Фаза 1 од 0+000.00 до 0+400.01 и Фаза 2 км 0+400.00 до 0+799.03.
Вкупна вредност на проект 8.873.544,00 денари со ДДВ.

2.10. Сопствено учество на ЈП ,,ВОДОВОД,, Куманово со Одлука на Управен Одбор бр.02-1186/5 од 28.04.2022 на износ од 2.200.000,00 во проектот: *Оформување на функционални средини во областа на животна средина и рурален развој* Активност бр.4 Набавка на повеќенаменска градежна машина, за брзи интервенции за јавно претпријатие во Куманово. Вкупно проценета вредност на проектот изнесува 6.489.000,00 со вклучен ДДВ.

2.11. По склучен Договор финансирање ,,Изработка на урбанистички планови за села во општините Кратово, Ранковце и Липково,, со Агенцијата за финансиска помош во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) бр.16-1580 од 31.05.2016 на вкупен износ од 11.528.671 денари без ДДВ, ДДВ-то како непризнаен трошок со Одлука на Совет на општина Кратово бр.16-1757/1 од 23.12.2015, како и Договор помеѓу Центарот за развој на СИПР со општина Кратово бр. 05-15/54 од 07.11.2016 и Анекс на истиот Договор бр. 08-517/1 од 24.03.2017 за изработка на урбанистички планови за селата (с. Железница, с. Нежилово, с. Шопско Рударе, с. Вакуф, с. Шлегово и с. Туралево), со површина од **267,91 Хектар**, изнесува 492.927денари, од кои исплатени се 98.587 денари во 2017, со што остануваат уште 394.340 денари обврска на **општина Кратово** за ДДВ по завршување на проектот.

2.12. По склучен Договор финансирање ,,Изработка на урбанистички планови за села во општините Кратово, Ранковце и Липково,, со Агенцијата за финансиска помош во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) бр.16-1580 од 31.05.2016 на вкупен износ од 11.528.671 денари без ДДВ, ДДВ-то како непризнаен трошок со Изјава на Градоначалникот на општина Липково бр.09-827/1 од 14.12.2015, како и Договор помеѓу Центарот за развој на СИПР со општина Липково бр. 05-15/54 од 07.11.2016 за изработка на урбанистички планови за селата (с. Оризаре, и с. Слупчане), со површина од **520 Хектари** изнесува 730.919денари, од кои исплатени се 146.182 деанри, со што остануваат уште 584.737 обврска на **општина Липково** за ДДВ по завршување на проектот.

2.13. Повратна средства доделени на Центар за развој на Североисточен плански регион Куманово, за спроведување на ИПА проект, Светлина од минатото, од страна на Совет за Регионален Развој на Североисточен плански регион со Одлука/Согласност на Совет број. 02-92/3 од 27.08.2019 и Дополна на Одлука/Согласност на Совет број. 02-60/12 од 03.06.2021 во износ од 33.198,00 денари.

- **Конто 7412 – Капитални трансфери од други нивоа на власт**

741211

Капитални трансфери од други нивоа на власт

3.1. Капитални трансфери од други нивоа на власт - Проект ,,Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој 2021-2025,, Фаза 2, финансиран од Швајцарската агенција за обнова и развој и Министерството за локална самоуправа во вкупен износ од 1.082.200,00 денари за менаџирање на проектот: Заштита и превенција од пожари во микро регионот, Општини Куманово, Липково, Старо Нагоричане, Ранковце („FIRESHIELD") и други активности предвидени по проектната апликација.

3.2 Капитални трансфери од АФПЗРР за Проект:,,Изработка на урбанистички планови за села во општините Кратово, Липково и Ранковце,, 80% од Договор бр. 16-1580 од 31.05.2016, по завршување на урбанистичките планови во вкупен износ од 9.222.937 денари.
Резултати:
-Изработени урбанистички планови за селата (с. Ранковце, с. Петралица, с. Гиновце, и с. Псача) со површина од 580 Хектари, Општина Ранковце
-Изработени урбанистички планови за селата (с. Железница, с. Нежилово, с. Шопско Рударе, с. Вакуф, с. Шлегово и с. Туралево), со површина од 267,91 Хектари, Општина Кратово,
-Изработени урбанистички планови за селата (с. Оризаре, и с. Слупчане), со површина од 520 Хектари, Општина Липково.

3.3.Капитални трансфери од други нивоа на власт – по објавена програма (02.2025) за аплицирање на проекти за регионален развој на Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој за 2025 на износ од 8.700.000,00 денари. Нивна реализација се очекува во 2025 година.

3.4. Средства од ИПА проект од прекугранична соработка со Р. Бугарија, во кој како партнери се јавуваат: Општина Куманово, Општина Ќустендил и Центарот за развој на Североисточен плански регион со наслов: Урбано раззеленување за поздраво дишење бр. BGMK0300064

Вкупно планирани приходи во 2025 се планирани во износ од *55.876.021,00* денари.

2. ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ

Планираните расходи се состојат од:

Конто 40: Плати и надоместоци

401,402,404 Бруто плати и надоместоци

Бруто платите и надоместоци (регрес за годишен одмор) и сл. на Раководителот и Администрацијата во Центарот, вработени на определено време планирани врз основа на Договорот за соработка со Министерство за локална самоуправа и Правилникот за систематизација на администрацијата во Центарот на износ од 5.800.000 денари.

Конто 41: Резерви и недефинирани расходи

412 Постојана резерва (непредвидливи расходи) 1.000.000,00 денари.

413 Тековна резерва (разновидни расходи) 900.000,00 денари.

Конто 42: Стоки и услуги

420 Патни и дневни расходи

Патувања во земјата: хранарина (дневница), патни расходи, сместување, споредни расходи.

Патување во странство: хранарина (дневница), патни расходи, сместување,споредни расходи.

На износ од 60.000 денари

421 Комунални услуги,греење,комуникација,транспорт

Комунални услуги: Пошта, телефон и телефакс, други трошоци за комуникација.

Транспортни услуги: горива и масла (моторни возила), транспорт на луѓе.

На износ од 300.000 денари

423 Материјали и ситен инвентар

4231 Административни материјали: канцелариски материјали, списанија, весници и други изданија и други административни материјали во износ од 125.000 денари
4232 Материјали за АОП: тонери за принтери, потрошен материјал за телефонија и компјутерска мрежна инсталација во износ од 20.000 денари
4234 Прехранбени продукти и пијалоци.
Во износ од 127.000 денари
4237 Материјали за поправки и одржување: средства за одржување на хигиена и материјали за разни поправки во износ од 60.000 денари

424 Поправки и тековно одржување

4241 Поправки и одржување на службено возило
Редовно и вонредно одржување на сл. возила во износ од 250.000 денари
4244 Поправка и одржување на мебел, опрема и машини
Разни можни поправки во износ од 60.000 денари

425 Договорни услуги

4251 Изнајмување на простор и опрема: изнајмување на гаража,паркинг простор канцелариски простор, и друг тип на простор, опрема.
Средства кои се трансгферираат на Куманово Паркинг за користење на паркинг за службено возило во износ од 20.000 денари
4252 Банкарски и осигурителни услуги: провизија од платен промет, банкарска провизија, осигурување на вработени и недвижности, други финансиски услуги.
Каско осигурување на службени возила и други видови осигурување во износ од 65.000 денари
4253 Судски и правни услуги: правни услуги, судски преведувачи.
Во износ од 60.000 денари
4259 Други договорни услуги: сопствено учество и градежни иницијативи за комплетирање на функционални средини во регионални проекти, проектирање на потребни функционални средини за резвој на регионот, преведувачи, услуги за копирање, печатење и издавање, консултантски услуги од областа на јавни набавки и други договорни услуги. Овде влегуваат и Договорните услуги по основ на распишаните јавни набавки за Проектна документација, Ревизија, Надзор, Геодетски елаборати, Студии, Изработка на проектни апликации за учество на домашни и меѓународни повици за проекти, Сопствено учество во реализација на домашни и меѓународни проекти (ИПА и слично), одржување на web страна и сл. во износ од 8.063.690,00 денари
4259 Книговодствени услуги
Во износ од 220.000,00 денари, по завршена тендерска постапка за избор на книговодствено биро за книговодствени услуги за редовната жиро сметка на Центарот и засебни сметки од проекти во кои како партнер се јавува Центарот.

426 Други тековни расходи

4261 Членарини во организации-меѓународни организации во износ од 10.000 денари
4262 Расходи за репрезантација (Седници на Совет, работилници, гости на Центарот, Советот (ноќевања и храна) и др.) во износ од 350.000 денари
4263 Семинари, саеми и конференции во износ од 60.000 денари
4264 Објавување на огласи и други оперативни расходи
Огласи во Биро за јавни набавки и Службен весник за тендерски постапки и други огласи во износ од 100.000 денари

- **Конто 48 – Капитални расходи**

10.1. Капитални трансфери кон економскиот оператор за Проект:,,Изработка на урбанистички планови за села во општините Кратово, Липково и Ранковце,, 80% од Договор со ГЕИНГ по завршување на урбанистичките планови во вкупен износ од 9.222.937 денари.
Резултати:
-Изработени урбанистички планови за селата (с. Ранковце, с. Петралица, с. Гиновце, и с. Псача) со површина од 580 Хектари, Општина Ранковце
-Изработени урбанистички планови за селата (с. Железница, с. Нежилово, с. Шопско Рударе, с. Вакуф, с. Шлегово и с. Туралево), со површина од 267,91 Хектари, Општина Кратово,
-Изработени урбанистички планови за селата (с. Оризаре, и с. Слупчане), со површина од 520 Хектари, Општина Липково.

10.2. Доплата на завршна ситуација кон Изградба Комерц, Скопје, кров спортска сала Куманово, Биро за 2022 (во тек е судска постапка), за протекување на кровот.

10.3. Повратна средства на сметка на Биро за регионален развој од остварени заштеди по спроведени тендерски постапки за проектот: Подобрување на инфраструктурата во Североисточен плански регион за подобар пристап до туристички локалитети, регионални проекти за 2022 со индикативно планирани средства за 2023 година во износ од 4.085.706 денари.

10.4. По склучен Договор финансирање ,,Изработка на урбанистички планови за села во општините Кратово, Ранковце и Липково,, со Агенцијата за финансиска помош во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) бр.16-1580 од 31.05.2016 на вкупен износ од 11.528.671 денари без ДДВ, ДДВ-то како непризнаен трошок

со Одлука на Совет на општина Кратово бр.16-1757/1 од 23.12.2015, како и Договор помеѓу Центарот за развој на СИПР со општина Кратово бр. 05-15/54 од 07.11.2016 и Анекс на истиот Договор бр. 08-517/1 од 24.03.2017 за изработка на урбанистички планови за селата (с. Железница, с. Нежилово, с. Шопско Рударе, с. Вакуф, с. Шлегово и с. Туралево), со површина од **267,91 Хектар**, изнесува 492.927денари, од кои исплатени се 98.587 денари во 2017, со што остануваат уште 394.340 денари обврска на **општина Кратово** за ДДВ по завршување на проектот.

10.5. По склучен Договор финансирање ,,Изработка на урбанистички планови за села во општините Кратово, Ранковце и Липково,, со Агенцијата за финансиска помош во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) бр.16-1580 од 31.05.2016 на вкупен износ од 11.528.671 денари без ДДВ, ДДВ-то како непризнаен трошок со Изјава на Градоначалникот на општина Липково бр.09-827/1 од 14.12.2015, како и Договор помеѓу Центарот за развој на СИПР со општина Липково бр. 05-15/54 од 07.11.2016 за изработка на урбанистички планови за селата (с. Оризаре, и с. Слупчане), со површина од **520 Хектари** изнесува 730.919денари, од кои исплатени се 146.182 денари, со што остануваат уште 584.737 обврска на **општина Липково** за ДДВ по завршување на проектот.

10.6. Доплата на завршна ситуација ГАМА ГРАДБА за проектот: *Подобрување на патна инфраструктура за подобар пристап до туристичките локалитети и реконструкција на објекти со туристичка намена во Североисточниот плански регион* Активност бр.3 Реконструкција на локален пат, с. Никуштак – с. Виштица, дел1 фаза 2, во износ од 522.574 денари (не е исплатено во 2024 поради забелешки од комисијата од Бирото за регионален развој за појава на нерамнини на мал дел од асфалтниот пат).
Вкупна вредност на проектот 13.732.792,00 денари со ДДВ, од кои 10.947.000,00 од програмите за регионален развој на Бирото за регионален развој за 2023-2024 и Сопствено учество на општина Липково во износ од 2.785.792,00.

10.7. Исплата кон Изведувач АГОРА-ЕПОКСИД Тетово Договор 05-73/1 од 23.08.2024 по завршување на проектот: *Подобрување на патна инфраструктура за подобар пристап до туристичките локалитети и реконструкција на објекти со туристичка намена во Североисточниот плански регион* Активност бр.3 Реконструкција на два објекти сопственост на општина Старо Нагоричане со туристичка и економска цел во износ од 5.729.079 денари (краен рок за изведба 30.06.2025).

10.8. Доплата на завршна ситуација во износ од 76.966 денари кон Изведувач ИНФЕС ГРУП 2016 ДООЕЛ, Батинци, Студеничани Договор 05-40/1 од 11.04.2024 за проектот: *Подобрување на патна инфраструктура за подобар пристап до туристичките локалитети и реконструкција на објекти со туристичка намена во Североисточниот плански регион* Активност бр.5 Реконструкција на локален пат, дел од улица Мусала со должина од 453 метри, општина Кратово

10.9. Исплата кон Изведувач ЛАБИНО ТРЕЈД Гостивар Договор 05-37/2 од 11.04.2024 по завршување на проектот: *Подобрување на патна инфраструктура за подобар пристап до туристичките локалитети и реконструкција на објекти со туристичка намена во Североисточниот плански регион* Активност бр.4 „ Реконструкција на пристапен локален пат во село Опила до црква Св. Никола во должина од 1 км (дел од постоечки земјен пат во должина од 2,5км), општина Ранковце„ во износ од 3.765.170 денари (краен рок за изведба 30.06.2025).

10.10. Исплата кон Добавувачот СТОМАГРУП 19 Скопје Договор 05-89/1 од 29.11.2024 по завршување на проектот: *„Воведување на повисоки стандарди во постапка за управување со смет и набавка на повеќенаменска транспортна машина за интервенција на критични точки при временски непогоди во Североисточен плански регион "/* Активност бр.2: „ Набавка на повеќенаменска транспортна машина " во износ од 2.985.400 денари (краен рок за достава 30.06.2025).

10.11. Капитални трансфери од други нивоа на власт – по објавена програма (02.2025) за аплицирање на проекти за регионален развој на Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој за 2025 на износ од 8.700.000,00 денари. Нивна реализација се очекува во 2025 година.

10.12. Купување и одржување на информатичка и канцелариска опрема, хардвер, софтвер и сл. во износ од 200.000 денари.

10.13. Реконструкција/уредување на службени простории во износ од 60.000 денари.

10.14. Средства предвидени за исплата по буџетски линии на ИПА проект од прекугранична соработка со Р. Бугарија, во кој како партнери се јавуваат: Општина Куманово, Општина Ќустендил и Центарот за развој на Североисточен

плански регион со наслов: Урбано раззеленување за поздраво дишење бр. BGMK0300064

Вкупно планирани расходи во 2025 се планирани во износ од *55.876.021,00 денари.*

Предлагач,

Центар за развој на СИПР

Младен Протиќ

директор

ФИНАНСОВ ПЛАН ЗА 2025 ГОДИНА

ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ 2025 **Центар за развој на Североисточен плански регион**

Ред.бр.	Сметка	О П И С	Износ во денари
	78918	Средства на извод бр.114 од 24.12.2024	23,053,962.00
	74	**Трансфери и донации**	
1	**7411**	**Тековни трансфери од други нивоа на власта за тековно работење**	
	741112	Средства од МЛС по Договор за извршување на задачи за 2025	1,200,000.00
		ВКУПНО I:(1)	***24,253,962.00***
2	741111	**Трансфер на средства од Буџет на општините на основ на Договори за менаџирање на проекти, според Закон за РРР**	
2.1.		Буџет на Општина Кратово по склучување на Договор за 2025	370,000.00
2.2.		Буџет на Општина Куманово по склучување на Договор за 2025	2,300,000.00
2.3.		Буџет на Општина Липково по склучување на Договор за 2025	425,590.00
2.4.		Буџет на Општина Ранковце по склучување на Договор за 2025	452,250.00
2.5.		Буџет на општина Старо Нагоричане по склучување на Договор за 2025	263,250.00
2.6.		Заостанат долг за 2024 Буџет на Општина Крива Паланка	600,242.00
2.7.		Заостанат долг за 2024 Буџет на Општина Липково	656,820.00
2.8.		Трансфер на средства за менаџирање на проекти Биро за РР за 2025	1,200,000.00
2.9.		О. Крива Паланка, сопствено учество, Биро за 2023, ул. Св. Јоаким Осоговски	1,636,495.00
2.10.		ЈП,,ВОДОВОД,, Куманово, сопствено учество, Биро за 2023	2,200,000.00
2.11.		ДДВ Општина Кратово, урбанистички планови, АФПЗРР за 2015	394,340.00
2.12.		ДДВ Општина Липково, урбанистички планови, АФПЗРР за 2015	584,737.00
2.13.		Повратна позајмица за спроведување на ЕУ проект Светлина од Минатото	33,198.00
		ВКУПНО II:(2.1.-2.8.)	***11,116,922.00***
		ВКУПНО ТРАНСФЕРИ ОД МЛС,ОПШТИНИТЕ ЗА 2024 (I+II):	***35,370,884.00***
3	*7412*	**Капитални трансфери од други нивоа на власт**	
3.1.	*741211*	Швајцарска агенција за развој и соработка (одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој (Фаза 2) менаџирање на проект	1,082,200.00
3.2.	*741211*	Средства од АФПЗРР за урбанистички планови Ранковце, Кратово и Липково	9,222,937.00
3.3.	*741211*	Капитални трансфери од други нивоа на власт - проекти БРР за 2025	8,700,000.00
3.4.	*741211*	Средства од ИПА проект од прекугранична соработка со Р. Бугарија: Урбано раззеленување за поздраво дишење бр. BGMK0300064	1,500,000.00
		ВКУПНО III:(3.1.-3.3.)	***20,505,137.00***
		ВКУПНО:	***55,876,021.00***

Центар за развој на ТРЕТИОТ, СЕВЕРОИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН КУМАНОВО

ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ 2025

Центар за развој на Североисточен плански регион

Ред.бр.	Сметка	О П И С	Износ во денари
	40	**Плати и надоместоци**	
1	401, 402,403,404	Бруто плати, надоместоци за вработени во Центар	5,800,000.00
		Вкупно:	***5,800,000.00***
	41	**Резерви и недефинирани расходи**	
2	*412*	Постојана резерва (непредвидливи расходи)	1,000,000.00
3	*413*	Тековни резерви (разновидни расходи)	900,000.00
		Вкупно:	***1,900,000.00***
	42	**Стоки и услуги**	
4	***420***	Патни и дневни расходи	60,000.00
5	***421***	Комунални услуги, греење, комуникација, гориво, регистрација, транспорт	300,000.00
6	***423***	Материјали и ситен инвентар	
6.1.	***4231***	Администрат. Материјали(канцелариски материјали, списанија, весници)	125,000.00
6.2.	*4232*	Материјали за АОП(тонери,ЦД,УСБ,тастатри,мауси,Инц џет фолии исл)	20,000.00
6.3.	*4234*	Прехрамбени продукти и пијалоци	127,000.00
6.4.	*4237*	Материјали за поправка и одржување	60,000.00
7	***424***	Поправки и тековно одржување	
7.1.	*4241*	Поправки и одржување на возило (редовен сервис исл.)	250,000.00
7.2.	*4244*	Поправки и одржување на мебел,опрема и машини	50,000.00
8	***425***	Договорни услуги	
8.1.	*4251*	Изнајмување на простор и опрема(паркинг)	20,000.00
8.2.	*4252*	Банкарски и осигурителни услуги	65,000.00
8.3.	*4253*	Судски и правни услуги	60,000.00
8.4.	*4259*	Други договорни услуги(сопствено учество во инфраструктурни проекти,проектирање,надзор, преведувачи,печатење,консултантски услуги, договори на дело, хигиенски услуги)	8,063,690.00
8.5.	*4259*	Книговодствени услуги на Центар и проекти на кои Центарот е партнер	220,000.00
9	***426***	Други тековни расходи	
9.1.	*4261*	Членарини во организации-меѓународни организации	10,000.00
9.2.	*4262*	Расходи за репрезантација, седници на Совет и друго	350,000.00
9.3.	*4263*	Семинари, саеми и конференции	60,000.00
9.4.	*4264*	Објавување на огласи и други оперативни расходи	100,000.00
		Вкупно:	***9,940,690.00***
	48	**Капитални расходи**	
10.1.	48	Средства од АФПЗРР за урбанистички планови Ранковце, Кратово и Липково кон Договорен Орган ГЕИНГ	9,222,937.00
10.2.	48	Доплата на завршна ситуација кон Изградба Комерц, Скопје, кров спортска сала Куманово, Биро за 2022 (во тек е судска постапка)	408,422.00

10.3.	48	Повратна средства на сметка на Биро за регионален развој од остварени заштеди од проектот: Подобрување на инфраструктурата во Североисточен плански регион за подобар пристап до туристички локалитети, регионални проекти за 2022, 2023 година	4,085,706.00
10.4.	48	ДДВ Општина Кратово, урбанистички планови 2015	394,340.00
10.5.	48	ДДВ Општина Липково, урбанистички планови 2015	584,737.00
10.6.	48	Капитални трансфери од други нивоа на власт - проекти БРР за 2023, 2024 за кои е пуштен аванс за апликација бр.2 туризам: Реконструкција на локален пат од село Никуштак до село Виштица - Општина Липково, Изведувач ГАМА ГРАДБА Скопје.	522,574.00
10.7.	48	Капитални трансфери од други нивоа на власт - проекти БРР за 2023, 2024 за кои е пуштен аванс за апликација бр.2 туризам: Реконструкција на два објекти сопственост на општина Старо Нагоричане со туристичка и економска цел, Изведувач АГОРА-ЕПОКСИД Тетово	5,729,079.00
10.8.	48	Капитални трансфери од други нивоа на власт - проекти БРР за 2023, 2024 за кои е пуштен аванс за апликација бр.2 туризам: Реконструкција на локален пат, дел од улица Мусала со должина од 453 метри, општина Кратово, Изведувач ИНФЕС ГРУП 2016 ДООЕЛ, Батинци, Студеничани	76,966.00
10.9.	48	Капитални трансфери од други нивоа на власт - проекти БРР за 2023, 2024 за кои е пуштен аванс за апликација бр.2 туризам: Реконструкција на л.п. Село Опила до Црква С. Никола во должина од 1 км, општина Ранковце, Изведувач ЛАБИНО ТРЕЈД Гостивар	3,765,170.00
10.10.	48	Капитални трансфери од други нивоа на власт - проекти БРР за 2023, 2024 за кои е пуштен аванс за апликација бр.1 животна средина: Набавка на повеќенаменска транспортна машина за потрби на ЈП ВОДВОД Куманово, Добавувач СТОМАГРУП 19 Скопје	2,985,400.00
10.11.	48	Капитални трансфери од други нивоа на власт - проекти БРР за 2025	8,700,000.00
10.12.	480140	Купување и одржување на информатичка и канцелариска опрема хардвер, софтвер и сл.	200,000.00
10.13.	481230	Реконструкција/уредување на службени простории	60,000.00
10.14.	48	Средства за спроведување на ИПА проект од прекугранична соработка со Р. Бугарија: Урбано раззеленување за поздраво дишење бр. BGMK0300064	1,500,000.00
		Вкупно:	***38,235,331.00***
		ВКУПНО:	***55,876,021.00***

